Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 55, став 4 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата седница одржана на 22.04.2010 година донесе

**ОДЛУКА**
**за критериумите и начинот за времено отстранување и повторно воспоставување на ценовните ограничувања (статички лимити) при тргувањето со хартиите од вредност**

1. Секој последен понеделник во месецот, Македонската берза ги отстранува ценовните ограничувања (статичките лимити) кај хартиите од вредност кои се тргуваат во режим на аукциско тргување и со кои не се склучила ниту една трансакција во претходните пет дена на тргување (не земајќи ги предвид администраторските и системските блок трансакции).

2. Доколку последниот понеделник во месецот е неработен ден, отстранувањето на ценовните ограничувања се врши првиот следен работен ден.

3. Тргувањето со определена хартија од вредност кај која се отстранети ценовните ограничувања ќе се одвива без ценовни ограничувања сé додека со неа не биде склучена трансакција/трансакции во вредност над 300.000 денари (не земајќи ги предвид администраторските и системските блок трансакции).

4. Следниот ден на тргување после денот на тргување во кој со определена хартија од вредност со која се тргувало со отстранети ценовни ограничувања биде склучена трансакција/трансакции во вредност над 300.000 денари (не земајќи ги предвид администраторските и системските блок трансакции), тргувањето со таа хартија од вредност продолжува со ценовни ограничувања (статички лимити), земајќи ја како основа за ценовните ограничувања последната официјална дневна просечна цена.

5. При тргувањето со отстранети ценовни ограничувања (статички лимити) за определена хартија од вредност, динамичките лимити за таа хартија од вредност остануваат важечки.

6. Се задолжуваат стручните служби на Берзата да вршат отстранување и повторно воспоставување на ценовните ограничувања (статички лимити) согласно точка 1, точка 2, точка 3, точка 4 и точка 5 од оваа Одлука.

7. Еден работен ден пред отстранувањето на ценовните ограничувања кај определена хартија од вредност, Берзата преку системот за тргување ги известува Комисијата за хартии од вредност и членките

на Берзата, а јавноста ја известува преку интернет страницата на Берзата.

8. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност и до членките на Берзата.

9. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување а ќе се применува од 26.04.2010 година.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кристијан Поленак**